Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 27-521/13
18-06-2026 20 год.viti
Скопје-Shkup

ТИТАН УСЈЕ АД
Бр. 03 - 689
19.06 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – цементен лапорец на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје на локалитетот „Усје", општина Кисела Вода и општина Сопиште бр.57-2246/9 од 26 мај 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија 114/26) и членот 23 од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје", општина Кисела Вода и општина Сопиште бр.24-4368/1 од 27.07.2018 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. ТИТАН УСЈЕ АД Скопје
со адреса: Ул Борис Трајковски бр.94
Скопје – Кисела Вода, Кисела вода
Република Северна Македонија
застапувано од лицето Консатантинос Николаоу
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ЦЕМЕНТЕН ЛАПОРЕЦ НА ТИТАН УСЈЕ АД СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „УСЈЕ", ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА И ОПШТИНА СОПИШТЕ

## Член 1

Во Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје", општина Кисела Вода и општина Сопиште бр.24-4368/1 од 27.07.2018 година, членот 2 се менува и гласи:

## „Член 2
## Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од дваесет години ".

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје", општина Кисела Вода и општина Сопиште бр.24-4368/1 од 27.07.2018 година

Член 5

Сите останати одредби од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - цементен лапорец на локалитетот „Усје", општина Кисела Вода и општина Сопиште бр.24-4368/1 од 27.07.2018 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| **За Концедентот** | **За Концесионер** |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | ТИТАН УСЈЕ АД Скопје |
| Сања Божиновска | Консатантинос Николаоу |

Изработил: Љубица Лешоска Трајковска
Контролирал: m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Усје - Кисела Вода,Сопиште

**Минерална суровина:** Цементен лапорец

**Површина = 1.356878 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7537860 | 4647000 |
| 2 | 7538470 | 4647000 |
| 3 | 7538580 | 4646824 |
| 4 | 7538514 | 4646580 |
| 5 | 7538380 | 4646250 |
| 6 | 7537960 | 4645800 |
| 7 | 7537920 | 4645580 |
| 8 | 7537000 | 4645040 |
| 9 | 7537000 | 4645880 |
| 10 | 7537860 | 4646380 |